**20190330586**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 249 став (4) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРОГРАМАТА И НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕТО И ПОЛАГАЊЕТО НА ИСПИТОТ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува програмата и начинот на организирањето и полагањето на испитот за извршители и формата и соржината на уверението за положен испит за извршители.

**Програма**

Член 2

Испитот за извршители се полага според програма за полагање на испитот за извршители, која е дадена во Прилог број 1 и е составен дел на овој правилник.

**Оглас, време и место на полагање**

Член 3

(1) Комисијата во дневниот печат го огласува временскиот термин за пријавување на полагање на испитот и износот на трошоците за неговото полагање.

(2) Испитот се изведува четири пати годишно.

(3) Комисијата го определува местото и времето на полагање на испитот.

**Пријава за полагање**

Член 4

(1) Кандидатот за полагање на испитот за извршители поднесува писмена или електронска пријава до Министерството за правда.

(2) Кон пријавата од став (1) на овој член се приложува доказ во оригинал или заверен препис за дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии VII/1 или 300 кредити според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), потврда со која се докажува работно искуство на правни работи од најмалку пет години и доказ за уплатен износ на предвидените средства за полагање на испитот.

**Известување за полагање**

Член 5

(1) Кандидатот кој ги исполнил условите утврдени со закон, од страна на Комисијата се известува за времето и местото за полагање.

(2) Кандидатот кој поднел пријава за полагање на испитот може да се откаже од полагањето на испитот во пријавената сесија и да побара одлагање на полагањето за некоја од следните сесии, за што го известува Министерството за правда најмалку седум дена пред денот определен за полагање на испитот.

(3) Кандидатот кој ја примил писмената задача или прашањата од усниот дел од испитот и се откаже од полагање, се смета дека не го положил испитот.

**Вреднување на испитот**

Член 6

(1) Испитот се вреднува со 130 поени, како максимален број на освоени поени, од кои што писмениот дел од испитот се вреднува со 30 поени, а усниот со 100 поени.

(2) Ако кандидатот го положи писмениот дел од испитот преминува кон полагање на устниот дел од испитот.

**Писмен дел од испитот**

Член 7

(1) Писмениот дел од испитот се смета за положен ако кандидатот освоил најмалку 20 поени.

(2) Писмениот дел од испитот се состои во полагање на практичен пример на извршување на извршна исправа и решавање на проблем во конкретно определени услови и околности.

(3) Писмениот дел од испит трае четири часа.

(4) На писмениот дел од испитот присуствуваат членовите и секретарот на Комисијата и кандидатите кои полагаат.

(5) За време на полагањето на писмениот дел од испитот не се напушта просторијата во која се одвива испитот.

(6) За време на полагањето на писмениот дел од испитот не е дозволено кандидатите меѓусебно да комуницираат или да се договараат по зададените писмени задачи.

(7) За време на полагањето на писмениот дел од испитот кандидатите можат да се служат со текстови на прописи без коментари.

(8) Доколку кандидатите постапуваат спротивно на ставовите (5), (6) и (7) на овој член, Комисијата ги оценува со негативна оценка за писмениот дел од испитот.

**Устен дел од испитот**

Член 8

(1) Полагањето на устниот дел од испитот за кандидатите се закажува дополнително за кандидатите кои го положиле писмениот дел од испитот.

(2) Усниот дел од испитот се полага пред сите членови на Комисијата, според редослед на полагање кој го утврдува претседателот на Комисијата.

(3) Секој член на Комисијата поставува по пет прашања од обласа која ја покрива.

(4) Испитувањето на кандидатот може да трае најмногу два часа.

(5) Усниот дел од испитот е јавен.

(6) Ако претседателот на Комисијата утврди дека некое лице од присутните или од кандидатите го нарушува редот и дисциплината, тој може тоа лице да го отстрани од испитот.

**Резултати од устниот испит**

Член 9

(1) Максималниот број на поени кој кандидатот може да го освои на усниот дел од испитот изнесува 100 поени.

(2) Секоја област која се полага носи максимално по 20 поени, од кои што секое прашање носи максимум по четири поени.

(3) За успешно положен устен дел од испитот неопходно е да се освојат најмалку 15 поени од секоја поединечна област.

(4) Се смета дека кандидатот успешно го положил усниот дел од испитот ако освоил најмалку 75 поени.

**Записник за текот на испитот**

Член 10

(1) Во текот на полагањето на испитот за секој кандидат се води записник кој ги содржи следните податоци: име, презиме и живеалиште на кандидатот, состав на Комисијата, датум на полагање, информација за писмениот дел од испитот, поставени прашања на усниот дел од испитот, број на освоени поени.

(2) Записникот се потпишува од претседателот, членовите и секретарот на Комисијата.

**Објавување на резултатите од испитот**

Член 11

(1)Резултатот од испитот го објавува претседателот на Комисијата во присуство на сите членови на Комисијата, пред кандидатот и секретарот на Комисијата непосредно по завршување на устниот дел од испитот.

(2) Резултатот од испитот се запишува во записникот за текот на испитот.

**Уверение за положен испит**

Член 12

(1) На кандидатите кои успешно го положиле испитот им се издава уверение за положен испит за извршители.

(2) Уверението за положен испит за извршители содржи: натпис: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Министерство за правда, Комисија за полагање на испит за извршители“, основ за издавање на уверението, име и презиме на кандидатот, датум и место на раѓање, живеалиште на кандидатот, датум на полагањето на испитот, број и датум на издаденото уверение, име, презиме и потпис на секретарот на Комисијата, име, презиме и потпис на претседателот на Комисијата и службен печат.

(3) Уверението се издава во два примерока, од кои еден за кандидатот, а другиот останува во досието за кандидатот во Министерството за правда.

(4) Образецот на уверението за положен испит за извршители е даден во Прилог број 2 и е составен дел на овој правилник.

**Откажување од испит**

Член 13

Кандидатот кој го положил писмениот дел од испитот и уредно бил известен за полагањето на устниот дел од испитот, а не се појавил на датумот одреден за устниот дел од испитот, се смета дека не го положил испитот.

**Одлагање на испит**

Член 14

(1) Полагањето на започнатиот испит може да се одложи од оправдани причини (болест, несреќа, смртен случај во семејство или слично), за кои кандидатот најдоцна два дена пред одржување на терминот за устен дел од испитот, доставува барање проследено со писмени докази до Комисијата.

(2) За продолжување со испитот, кандидатот од став (1) на овој член поднесува молба до Комисијата.

(3) По одобреното продолжување на испитот од страна на Комисијата, кандидатот продолжува да го полага испитот.

**Повторно полагање на испит**

Член 15

Кандидатот кој не го положил испитот може да го повтори полагањето на испитот во наредните испитни рокови.

**Евиденција на положени кандидати**

Член 16

Кандидатите кои го положиле испитот се евидентираат во евиденцијата при Министерството за правда во која се внесуваат податоци за кандидатот од пријавата за полагање, име и презиме, број на предмет, датум и факултет на дипломирање, датум на полагање писмен и устен дел од испитот и бројот на поените со која кандидатот го положил испитот.

Член 17

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на полагање на квалификациониот испит, испитот за рангирање, стручниот испит за проверка на знаењата, испитот за заменик извршител и за формата и содржината на уверението за положени испити („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/17).

Член 18

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1026/2
8 февруари 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Рената Дескоска,** с.р.

Прилог број 1

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА КАНДИДАТИ**
**ЗА ИЗВРШИТЕЛИ**

**ОБЛАСТИ:**

**I. ИЗВРШУВАЊЕ, ПАРНИЧНА ПОСТАПКА И ВОНПАРНИЧНА ПОСТАПКА И НОТАРИЈАТ**

**1. ИЗВРШУВАЊЕ**

1. Основни одредби (основа за извршување, надлежност, обем на извршување, редослед на намирување, заштита на странките).
2. Извршни исправи.

3. Извршување на условни и заемни обврски, алтернативни обврски и факултативни овластувања.

4. Средства и предмети за извршување.

5. Поништување на трансакции, поднесување на барање, повлекување на барањето за извршување и прекин на извршувањето.

6. Извршител (услови за именување, именување, свечена изјава, повелба и започнување со работа, седиште, печат, штембил, дигитален сертификат, посебна сметка и електронско поврзува, легитимација и надзор над работата на извршителите)

7. Извршни дејствија

8. Заменик на извршител и помошник на извршител

9. Дисциплинска одговорност на извршителите

10. Престанок на должноста извршител

11. Организација на извршителите

12. Спроведување на извршување.

13. Противизвршување.

14. Одлагање и запирање на извршување.

15. Извршување за наплата на парично побарување - извршување врз подвижни предмети општо.

16. Извршување за наплата на парично побарување-попис, процена и пленидба.

17. Извршување за наплата на парично побарување-продажба на предмети.

18. Извршување за наплата на парично побарување-намирување на доверителот.

19. Извршување врз парично побарување со изземање од извршување и ограничување на извршувањето.

20. Извршување врз парично побарување со извршни дејствија и забрана на побарување

21. Извршување врз парично побарување-пренос на побарувања

22. Извршување врз парично побарување-врз плата и други парични примања и врз побарување по сметка кај банка

23. Извршување врз побарување да се предадат или испорачаат подвижни предмети или да се предаде недвижност.

24. Извршување врз хартии од вредност и врз удел во трговско друштво и врз други имотни права.

25. Извршување врз недвижност општо.

26. Извршување врз недвижност, изземање, утврдување на вредност

27. Извршување врз недвижност- продажба на недвижноста.

28. Извршување врз недвижност- намирување на доверители.

29. Извршување врз недвижност-посебни одредби за начинот на намирување, делба, престанок на правото на должникот врз продаден стан

30. Спроведување на извршување над недвижен имот опишан во лист за предбележба на градба

31.Начин на спроведување на запишување на права во јавната книга кога должникот не е запишан како сопственик

32.Извршување на судски пенали.

33. Извршување врз имотот на правни лица заради наплата на парично побарување- од сметка на должникот, ограничувања и изземања.

34. Извршување врз имотот на правни лица заради наплата на парично побарување спрема Република Македонија и врз парично побарување на должникот.

35. Извршување заради остварување на непарично побарување - предавање и испорака на подвижни предмети и испразнување и предавање на недвижност.

36. Извршување заради остварување на непарично побарување- обврска на дејствие, трпење или несторување.
37. Враќање на работник на работа; извршување со запишување на право на јавна книга, давање изјава на волја.
38. Физичка делба на предмети
39. Форма и содржина на налозите, записниците и другите акти кои ги изготвува извршителот.
40. Форма и начин на водење на евиденција за применените барања кај извршителот
41. Легитимирање на извршителот- форма, содржина и начин на издавање на легитимациите, употреба на легитимациите.
42. Користење на податоците за должниците- пристап до нив и начин на употреба.
43. Етички кодекс на однесување за извршителите.
44. Посебната сметка на извршителот и начинот за нејзино управување.
45. Опрема и простор потребни за работа на извршителот.
46. Тарифа на извршителите.
47. Испит за извршители.
48. Конкурс за извршители.

**2. ПАРНИЧНА ПОСТАПКА**

1. Месна и стварна надлежност.
2. Странки и нивни законски застапник.
3. Полномошници.
4. Јазикот во постапката.
5. Поднесоци - воопшто.
6. Рокови и рочишта.
7. Враќање во поранешна состојба.
8. Записници и донесување на одлуки.
9. Доставување на писмена и разгледување на списи.
10. Трошоци во постапката.
11. Сопарничари.
12. Учество на трети лица во процесот, учество на Јавниот обвинител.
13. Замешувач, именување на претходник, известување на трети лица за процесот.
14. Пресуда: поим, содржина, видови на пресуди.
15. Решение.
16. Редовен правен лек, жалба (право на жалба, содржина, причини, постапка, одлуки).
17. Жалба на решение.
18. Ревизија.
19. Повторување на постапката.

**3. ВОНПАРНИЧНА ПОСТАПКА**

1. Уредување на начинот на управување и користење на заеднички предмети.
2. Уредување на односите меѓу етажните сопственици.
3. Делба на заеднички предмети или имот.
4. Уредување на меѓи.
5. Постапка по судски депозит.
6. Постапка за уредување на имотните односи на брачните другари.

**4. НОТАРИЈАТ**

1. Поим на нотаријат, нотари, нотарска служба и нотарски исправи и заверки
2. Службено седиште и службено подрачје
3. Одбивање на преземање на службено дејствие
4. Начин на пишување на нотарските исправи и заверки

5. Потпишување на нотарски исправи
6. Правни работи за кои нотарскиот акт е задолжителен и составување на нотарски акт
7. Извршност на нотарска исправа
8. Потврдување на приватна исправа и нотарски исправи за пренос на право на сопственост
8. Содржина на нотарски акт и и ништовност на нотарски акт
9. Нотарски платен налог
10. Потврдување на факти и изјави и заверка на преписи.

Литература:

- Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16,142/16 и 233/18);
- Закон за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15);
- Закон за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/08).
- Закон за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18);
- Сите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за извршување објавени во Службен весник на Република Македонија.

**II. КРИВИЧНО ПРАВО-ОПШТ И ПОСЕБЕН ДЕЛ**

1. Кривични санкции и ограничување во извршувањето на кривичните санкции.
2. Кривично дело; од мало значење;нужна одбрана;крајна нужда
3. Кривична одговорност; Пресметливост; Умисла; Небрежност
4. Стварна заблуда; правна заблуда
5. Подготвување;Обид;Неподобен обид;
6. Соизвршителство;Поттикнување;Помагање
7. Кривична одговорност на правно лице
8. Парична казна
9. Извршување на паричната казна
10. Конфискација на имот, имотна корист и одземање на предмети
11. Застареност на извршување на казната
12. Амнестија и помилување
13. Присилба
14. Противправно лишување од слобода
15. Малтретирање во вршење на службата
16. Нарушување на неповредливост на домот
17. Противзаконито вршење претрес
18. Повреда на тајноста на писма или други пратки
19. Неовластено објавување на лични записи
20. Злоупотреба на лични податоци
21. Спречување на пристап кон јавен информатички систем
22. Неовластено откривање тајна
23. Неовластено прислушкување и тонско снимање
24. Неовластено снимање
25. Повреда на правото на поднесување на правно средство
26. Повреда на угледот на Република Македонија и излагање на подбив на македонскиот народ и припадници на заедниците; Повреда на угледот на судот
27. Неплаќање на издршка; Повреда на семејни обврски

28. Затајување; послужување
29. Одземање на моторно возило; Одземање туѓи предмети
30. Оштетување туѓи предмети;Оштетување туѓи права и оштетување на станбени и деловни згради и простории
31. Незаконито вселување
32. Измама; Осигурителна измама ;Измама при работењето со хартии од вредност
33. Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем; компјутерска измама
34. Злоупотреба на довербата ; Оштетување или повластување на доверители
35. Неовластено примање подароци; примање поткуп; давање поткуп; противзаконито посредување
36. Изнуда; уцена
37. Даночно затајување; фалсификување или уништување деловни книги ;фалсификување службена исправа; фалсификување исправа; компјутерски фалсификат; посебни случаи на фалсификување исправи
38. Оддавање и неовластено прибавување деловна тајна; злоупотреба на службената положба и овластување; несовесно работење во службата
39. Проневера во службата; измама во службата; послужување во службата
40. Оддавање службена тајна; злоупотреба на државна, службена или воена тајна
41. Против законита наплата и исплата; противправно присвојување на предмети при претрес или во постапка на извршување
42. Непријавување подготвување на кривично дело; непријавување кривично дело или сторител; лажно пријавување на кривично дело
43. Поднесување на лажни докази; давање лажен исказ; спречување на докажување
44. Повреда на тајноста на постапката
45. Неизвршување на судска одлука
46. Употреба на исправа со невистинита содржина
47. Спречување службено лице во вршење на службено дејствие; напад на службено лице при вршење работи на безбедноста
48. Симнување и оштетување на службен печат или знак; Одземање или уништување службен печат или спис
49. Лажно претставување.

Литература:

-Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 97/17 и 248/18);

- Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15);

- Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/06, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/15, 11/16, 15/18, 21/18 и 209/18).

## III. СТВАРНО ПРАВО И КАТАСТАР

### 1. СТВАРНО ПРАВО

1. Правна и деловна способност на физичките и правните лица.
2. Поим на ствари и поделба на ствари.
3. Право на сопственост - носители и предмет на правото на сопственост.
4. Сосопственост и заедничка сопственост.
5. Етажна сопственост - поим и содржина.
6. Стекнување на право на сопственост - основ и начин.

7.Стекнување на сопственост со: создавање на нова ствар, мешање, спојување и градење.
8. Престанок на правото на сопственост.
9. Право на служБеност - поим, стекнувања, содржина и престанок.
10. Службеност: - Поим и видови на лична службеност.
11. Право на залог -хипотека; рачен залог.
12. Владение - поим, содржина, видови, заштита.
13. Право на домување - поим, стекнување, содржина и престанок.
14. Градежно земјиште.
15. Државна сопственост на земјоделското и шумско земјиште - носител, предмет и содржина.
16. Правниот режим на добрата во општа употреба.
17. Права, обврски и заемни односи на сопствениците на посебни делови од згради.
18. Тапија и таписки книги, интабулациони книги.
19. Катастар.

**2. КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

1.Геодетско - катастарски информационен систем (ГКИС).
2.Пристап, дистрибуција, пристап и издавање на податоци од ГКИС.
3.Основни геодетски работи.
4.Премер на недвижности.
5.Згради, посебни делови од згради и други објекти од катастарот на недвижности.
6.Катастарски општини.
7.Катастарско класирање на земјиште.
8.Катастар на недвижности
9.Начелата на запишување во Катастарот на недвижности.
10.Издавање на податоци од Катастарот на недвижности.
11.Запишување на правото на недвижности во Катастарот на недвижности.
12.Правни основи за запишување во Катастар на недвижности.
13.Видови на запишување во Катастарот на недвижности.
14.Воспоставување на катастар на инфраструктурни објекти.
15.Исправи за запишување во Катастарот на недвижности.
16.Промена на податоците за недвижностите.
17.Форма и начин на поднесување на пријава за запишување.
18.Споредување на податоците за недвижностите.
19.Пресметување и евидентирање на вредноста на недвижностите
20.Запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности
21.Судска заштита.

Литература:

- Закон за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, 92/08, 139/09 и 35/10);
- Закон за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18);
- Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16);
- Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11,148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15 , 7/16 и 39/16);
- Закон за договорен залог („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/03, 4/05, 87/07, 51/11, 74/12, 115/14, 98/15, 215/15 и 61/16).

## IV. ТРГОВСКО ПРАВО И СТЕЧАЈ

### 1. ТРГОВСКО ПРАВО, ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

1. Трговец (поим и видови)
2. Трговец-поединец (општо)
3. Трговски друштва (поим, форма и одговорност за обврските).
4. Трговски регистар
5. Престанок на ДОО.
6. Акционерско друштво и акции (поим, видови и издавање).
7. Престанок на акционерското друштво.
8. Преобразба на друштво од една во друга форма на друштво.
9. Присоединување, спојување и поделба на друштвото (општо).
10. Ликвидација на друштвото.
11. Тајно друштво.
12. Странско трговско друштво и странски трговец-поединец.
13.Хартии од вредност
14. Централен регистар

### 2. СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

1. Стечај (општо за стечајот).
2. Стечаен управник.
3. Отварање на стечајна постапка.
4. Правните последици од отварањето на стечајната постапка.
5. Стечајна маса.
6. Заклучување на стечајната постапка.
7. Впаричување на имот.

Литература

- Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18)
- Закон за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15 и 23/16);
- Закон за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“бр. 50/01, 49/03, 109/05, 88/08, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15 и 27/16);
- Закон за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14,98/15 и 192/15).

Забелешка: Составен дел на прописите за подготовка на испитот за извршители се и нивните измени и дополнувања донесени до денот на полагање на испитот за извршители.

Прилог број 2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Министерство за правда**

**Комисија за полагање на испит за извршители**

Врз основа на член 249 став 3 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18) и член 12 став 1 од Правилникот за програмата и начинот на организирањето и полагањето на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители („Службен весник на Република Македонија“ бр.---), се издава

**У В Е Р Е Н И Е**
**за положен испит за извршители**

На ------------------------------------------------------------------------------------------------

роден-а на ------------------------ во -------------------------------------------------------------, општина ------------------------------------ држава ------------------------------------------, дипломиран правник од ---------------------------------------------, на ден ----------------------- година, пред Комисијата за полагање на испитот за извршители при Министерството за правда на Република Македонија, го положи испитот за извршители.

Број __________
_________ година

Секретар, Претседател,

М.П.